**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Одделение за за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр.11-** 684/2
21.09**.2023 година**
**Гевгелија**

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20), Општина Гевгелија објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК бр.04/2023
## за избор на изработувач на Детален урбанистички план и Стручна ревизија

Општина Гевгелија објавува јавен повик за изработување на:

1. **Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија.**

**Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти) согласно член 13 и 27 од законот за Урбанистичко планирање., и**

2. **Детален Урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија.**

**Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е објекти со мешовита намена А, Б, В (домување, комерцијални и деловни објекти и јавни институции) согласно член 13 и 27 од законот за Урбанистичко планирање**

- **Податоци за проектниот опфат за Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија.**

**Предмет на изработка:**

- Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија.

Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти. Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Новопланирана 3", на запад, ул. „Кузман Шапкарев", на исток, „ул. „7-ми Ноември" и на југ канал Раул. Планскиот опфат е со површина од 12,9 ха.

Површина на проектен опфат: 12,9 ха

Место: КО Гевгелија

- **Податоци за проектниот опфат за Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија.**

**Предмет на изработка:**

- Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија.

Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е објекти со мешовита намена А, Б, В (домување, комерцијални и деловни објекти и јавни институции). Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Сервисна 6", на запад, ул. „СТ-3", на исток, ул.„СЕ -2" и на југ ул.„СТ-2". Планскиот опфат е со површина од 2,1 ха.

Површина на проектен опфат: 2,1 ха

Место: КО Гевгелија

Започнување на работите: веднаш по добивање на налог од општината за изработка на урбанистичкиот план согласно член 13 и 27 од Законот за Урбанистичко планирање.

Изработувачот на урбанистичко планската документација треба да ги обезбеди, и во цената на да ги пресмета и трошоците за:

- Изработка на ажурирана геодетска подлога (геодетско снимање и евидентирање на сите објекти во планскиот опфат);
- Добивање на Информации и подлоги за комплетната постојна инфраструктура во соработка со сите надлежни институции;
- Изработка на извештај за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина (согласно Законот за животна средина);
- Стручна Ревизија на планот.

Трошоците за сите измени и дополнувања како резултат на измена на законски и подзаконски акти, вградување на забелешките од стручната ревизија, измени од јавната анкета или повторна јавна анкета, вградување на забелешки од Стручна ревизија и измени по мислења од релевантни институции, да се вкалкулираат во цената за изработка на планот.

При евентуална потреба од изработка на Заштитно конзерваторски основи при изработка на ДУП трошоците ќе ги покрие Општина.

Урбанистичко планската документација треба да биде изготвена согласно:

- Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23),
- Правилникот за начинот на спроведување на постапката за изработка и донесување на урбанистички планови, регулациски планови на Генерални урбанистички планови, урбанистичко - плански документации и урбанистичко-проектни документации во електронска форма („Службен Весник на РМ" бр. 111/15 и 142/17)
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ" бр.225/20, 219/21 и104/22)

## 1. Период на изработка на деталниот урбанистички план:

Започнување на работите: Веднаш по добивање на налог од општината и Ажурирана геодетска подлога.

Динамика за изработка: Вкупно 60 работни дена.

## 2. Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми:

На јавниот повик можат да се пријават правни лица со важечка лиценца за иработување на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20 и 111/23) или Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14,.....168/18).

За докажување на овој услов се доставува Копија од важечка лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) или Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, ...168/18).

Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, правното лице да достави

доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка односно треба да достави **Документ за регистрирана дејност - образец ДРД или потврда за регистрирана дејност**.

При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на понудувачот се бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон за кои се однесуваат на предметот на набавка односно правното лице да има важечка **Лиценца за изработување на урбанистички планови** согласно членот 68 од законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20) или Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, .........168/18) и да има работен однос на неопределено и полно работно време на **најмалку 2 (два) архитекти-урбанисти со важечко овластување за изработка на урбанистичко планови** согласно законот за урбанистичко планирање или законот за просторно и урбанистичко планирање, за докажување на овој услов се доставува доказ од надлежен орган (АВРМ) со листа на вработени не постара од еден месец од денот на отварање на понудата и копија од важечки овластувања за изработка на урбанистички планови.

**3. Рок и начин за доставување н понудата :**

Понудите да се достават најдоцна до **09.10.2023 година (понеделник) до 14:00 часот** преку архивата на Општина Гевгелија – Сектор за урбанизам или на адреса

Општина Гевгелија – Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, ул.„Борис Карапузов" бр.7 , во жолт плик со назнака „ НЕ ОТВАРАЈ" и „ за ЈАВЕН ПОВИК бр.04/2023.

Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.

**4. Датум, време и место на отворање на понудите:**

**09.10.2023** година, во 14:00 часот, во просториите на Општина Гевгелија (Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, ул. „Борис Карапузов" бр.7 )

**5. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик:**

**5.1. Кадровска и техничка опременост на правното лице:**

- Да има вработено најмалку 2 (два) архитекти урбанисти на неопределено време со овластување на изработка на урбанистички планови (листа на вработени од надлежен орган не постара од 1 месец од денот на отварање и важечки овластувања);

**6.2. Референтна листа за извршени работи:**

- Референтна листа за извршени работи за ист или сличен предмет на работи од последните 3 години;

**6.3. Претходни позитивни стручни референци од подрачјето на планскиот опфат што е предмет на јавниот повик:**

- Најмалку 3 потврди за извршени исти или слични работи во последните 3 години реализирани преку договори за јавна набавка.

**6.4. Понудена организација и методологија на изработка на работите:**

- Динамичен план со рокови на активности во денови, вклучувајќи ги и активностите кои не се во домен на изработувачот, а се пропишани со законската регулатива;

**6.5. Финансиска солвентност**

- Да остварил позитивен финансиски резултат за последните 3 години со доставување на извештај за биланс на успех или завршна сметка заверени од надлежен орган.

**6.6. Вредност на понудата да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.140/2021)**

Понудувачот треба да ја внесе вкупната цена на набавката во Образецот на Понуда.

Понудата е делива.

- **Дел 1. Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија.**
- **Дел 2. Детален Урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија.**

**6.7. Начин на плаќање:**

Начинот на плаќање е по добивање на согласност на Предлог планот од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, вирмански, по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена.

**Понудите ќе бидат оценувани комисиски по основ на следниов критериум:**

1) цена 80 бодови

2) квалитет 20 бодови

За елементот **цена** се утврдени вкупно **80 бодови**. При тоа, цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска понудена цена (без ДДВ)} \times \text{максимален број на бодови(80)}}{\text{Понудена цена (без ДДВ)}}$$

За елементот **квалитет** се утврдени вкупно **20 бодови**, и истиот се состои од следново:

- **Квалификации на персоналот кој ќе го извршува договорот**, а ќе се евалуираат на следниов начин:

- Понудувачот треба да достави податоци за квалификациите на персоналот со кој располага економскиот оператор во поглед на поседување Овластување „А“ или „Б“ за изработка на урбанистички планови **( се докажува со Изјава за вработени лица, Список (преглед) на вработени од Агенција за вработување на РСМ не постар од еден месец од денот на отварање и Овластување „А“ или „Б“).**

| Бр. | Елемент | Вкупно бодови | Критериум за евалуација | | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Квалификации на персоналот кој ќе го извршува договорот** | **20** | Дипломиран архитект со Овластување за изработка на урбанистички планови | Овластувања | |
| | | | | - 2 лица дипломирани архитекти кои поседуваат Овластување за изработка на урбанистички планови | **10** |
| | | | | - 3 и над 3 лица дипломирани архитекти кои поседуваат Овластување за изработка на урбанистички планови | **20** |

**За дополнителни информации, контакт лице: Ирена Томчева тел. 034/611-998, 078/370-575.**

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

________________________

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

| Ред. Бр. | Предмет на изработка | Плански опфат/ха |
|---|---|---|
| 1 | Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија. Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти), согласно член 13 и 27 од Законот за урбанистичко планирање. Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Новопланирана 3“, на запад, ул. „Кузман Шапкарев“, на исток, „ул. „7-ми Ноември“ и на југ канал Раул. | 12,9 ха |
| 2 | Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија. Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А, Б, В (домување, комерцијални и деловни објекти и јавни институции), согласно член 13 и 27 од Законот за урбанистичко планирање. Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Сервисна 6“, на запад, ул. „СТ -3“, на исток, „ул. „СЕ-2“ и на југ ул.„СТ-2. | 2,1ха |

## I. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на Јавниот повик, објавен од страна на Општина Гевгелија, преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на општината, за Избор на изработувач на Детален Урбанистички План и стручна ревизија, ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

### I. ОПШТ ДЕЛ

I.1.Име на понудувачот: ____________________________

I.2. Контакт информации

Адреса: ____________________________

- Телефон: ____________________________
- Факс: ____________________________
- Е-пошта: ____________________________
- Лице за контакт: ____________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________

I.4. Даночен број: ____________________________

I.5. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- Пополнет образец на Понуда;
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност (ДРД образец или Потврда за регистрирана дејност),
- Документ за кадровска и техничка опременост,
- Листа за извршени работи во последните три години со потврди за извршени услуги,
- Динамичен план со рокови на активности,
- Извештај за биланс на успех или завршна сметка за последните 3 години.

### II.ТЕХНИЧКА И ФИНАНСИСКА ПОНУДА

II.1 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на набавка со цената искажа во табелата при што вкупната цена на нашата понуда, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува:

| Дел | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| Вкупно | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дел бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ (6+7) |
| 1 | Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 7.3, Општина Гевгелија. Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А и Б (домување, комерцијални и деловни објекти), согласно член 13 и 27 од Законот за урбанистичко планирање. Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Новопланирана 3", на запад, ул. „Кузман Шапкарев", на исток, „ул. „7-ми Ноември" и на југ канал Раул. | ха | 12,9 | | | | |
| 2 | Детален урбанистички план и стручна ревизија за блок 15.9, Општина Гевгелија. Намената на просторот во планскиот опфат согласно ГУП на град Гевгелија е А1 домување во станбени куќи, Објекти со намена А, Б, В (домување, комерцијални и деловни објекти и јавни институции), согласно член 13 и 27 од Законот за урбанистичко планирање. Граница на плански опфат: на север, осовина на ул. „Сервисна 6", на запад, ул. „СТ -3", на исток, „ул. „СЕ-2" и на југ ул.„СТ-2. | ха | 2,1 | | | | |
| | **Вкупно** | | | | | | |

III.**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

III.1. Рокот кој го нудиме за завршување на работите изнесува:____________________(*изразен во работни денови*) од денот на добивањето на налог за работа.

IV. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Место и датум

____________________________

Одговорно лице

____________________________

(потпис и печат)